Приватна непрофитна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
**Бизнис академија Смилевски – БАС**
Скопје

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС за периодот 2025-2029 г.

**Скопје, 2025**

Врз основа на член 60 став 22 од Статутот на БАС, како и врз основа усвоената Предлог Стратегија за развој и управување со квалитетот на БАС за периодот 2025 – 2029 г., од страна на Наставничкиот совет на БАС на 268 мата седница со дел. бр. 01-124/1 од 25.09.2025 г., Органот на основачи на БАС на ден 26.09.2025 г. ја донесе следната

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ (БАС) за периодот 2025-2029 г.

## 1. Вовед

Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје е приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа. Идејата за нејзиното основање започнува далечната 2005 година како одговор на воочениот недостаток на професионално едуцирани и остручени надзорници, оперативни и стратегиски менаџери во земјата, како и свесноста за големиот јаз помеѓу теоретските содржини на постоечките студиски програми од една и професионалната менаџерска работа во македонското окружување, од друга страна.

Во 2007 година започнуваат интензивните подготовки, за почеток со работа на академијата:  паралелно со изработка на Елаборатот за основање на академијата и добивањето на работната дозвола развиена е посебна наставна методологија за интерактивна работа во мали групи базирана на решавање на деловни проблеми презентирани преку реални студии на случај.

Веќе наредната 2008 год., БАС започнува со настава со првата генерација Оперативни менаџери во Седиштето во Скопје и Одделението за дисперзирани студии во Битола. Првите 86 студенти по Оперативен менаџмент на БАС започнаа со настава на 15 септември 2008 година. Две години подоцна, односно во 2010 год., БАС започнува со настава со  за првата генерација студенти на постдипломските студии - стратегиски менаџери.

Со цел обезбедување на современи услови за настава на студентите на БАС и наставниот кадар, во 2012 год., во Битола е изграден сопствен деловен простор, а во 2025 год., се обезбедува сопствен деловен простор и за наставата во Скопје.

Од тој период БАС обезбедува стабилност во делот на просторните и технички услови за работа и интензивно се посветува на наставната и научно – истражувачката работа, како и отворање на нови и осовременување на постоечките студиски програми.

Денес Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје, е значаен фактор во високото образование во Р.С. Македонија, која целосното внимание го посветува на студиските програми: Бизнис менаџмент, Маркетинг менаџмент и Менаџмент на квалитет на додипломски студии, и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси и Стратегиски

менаџмент на одржлив развој на втор циклус на студии. Со тоа потврдуваме сека нудиме модерно и современо образование истакнато преку комбинација на теорија и пракса, работа во мали групи, со посебен фокус на тимската работа и соработка, најмногу застапена во процесот на решавање на проблемските студии на случај кои се во согласност на новите предизвици во бизнис окружувањето.

Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје е институција која го препознава потенцијалот на индивидуалците и работи на максимално искористување на истиот. Работи на постојано свое подобрување и осовременување во согласност со законските регулативи и реалните барања на пазарот на трудот.

Како посветена организација во креирање на современа и квалитетна средина за стекнување на знаења и развивање на вештини на студентите и интересентите од областа на професионалниот менаџмент, БАС посветува внимание на модернизација на процесите, воведување на иновативен пристап во наставата применлив во различни услови на работа, подигнување на нивото на кооперативност, образовни механизми за самостојно совладување на знаењето, како и одржување на висок квалитет во работата. Во таа насока, БАС постојано вложува во креирање на стратешки документи, кои ќе обезбедат развој и одржливост на организацијата на долг рок.

Политиката на квалитет на БАС е целосно и навремено исполнување на нашата намера, мисија и визија, почитување на пропишаните стандарди, преземање на обврска на нашите вработени да ги остваруваат своите ветувања за квалитет, креирање на кооперативна конкурентност за квалитет каде ние им помагаме на другите во постигнувањето на врвен квалитет во наставата кој води кон многу важна цел – вработливост на студентите и нивен континуиран професионален и кариерен развој. Политиката на квалитет на БАС се заснова и на задоволството од наставата од страна на нашите студенти и задоволството на работодавците од компетентноста на нашите дипломанти. Политиката на квалитет ја оствaруваме и преку посебниот стил на настава кој обезбедува кооперативно и искуствено учење и сл.

## 2. Визија, мисија и политика на квалитет

**Намера:** Висока школа за професионални менаџери која го премостува јазот меѓу теоријата и реалниот деловен свет.

**Визија:** Да бидеме најпосакувана висока стручна школа во регионот, препознатлива по својот пријателски пристап, иновативност и посветени наставници кои постојано се усовршуваат.

**Мисија:** Да го препознаеме и поддржиме уникатниот потенцијал на секој студент преку менторска поддршка, современа настава и практични искуства кои водат кон успешна кариера.

**Политика на квалитет:** Целосно исполнување на нашата мисија преку:

- Почитување на законските и професионалните стандарди;
- Вклучување на студентите и работодавците во процесите на оценување на квалитетот;
- Развој на кооперативна средина и континуирано подобрување;
- Подигнување на вработливоста и компетентноста на дипломираните студенти.

## 2. Стратешки цели за периодот 2025 – 2029 г.

Стратешките цели кои се поставени во оваа стратегија произлегуваат од воочените слабости по спроведените Самоевалуции на БАС во претходиот период. Во таа насока целите се поделени по стандарди, а за секоја цел се предвидени активности, индикатори за успех и одговорни носители на активностите.

**СТАНДАРД 1**

**Цел 1.1 Континуирано унапредување и ревидирање на системот за квалитет, усогласен со ЕКТС и барањата на Агенцијата за квалитет.**

*Активност 1*: Креирање нова Стратегија за квалитет (одржување на состаноци вклучување на студенти и приватен и јавен сектор и други засегнати страни);

*Идникатор за успех*: Креирана Стратегија за квалитет и известени сите носители на активности.

*Активност 2*: Ревидирање на Правилникот за квалитет;

*Индикатор за успех:* Ревидиран Правилник за квалитет, според измените во законските акти од Законот за високо образование и Агенцијата за квалитет во високото образование.

*Активност 3*: Развој на алатки кои се користат во насока на оценување на квалитетот во БАС (кадар, настава, администр. служба и сл.), динамика на проверка и временска рамка;

*Индикатори за успех*: Ревидирана чек листа за посета на час; Креиран анкетен прашалник за задоволството на студентите и засегнатите страни на БАС;

**Цел 1.2 Континуирана анализа и примена на препораки од евалуациите.**

*Активност 1*: Акциски план за спроведување на заклучоците и препораките од надворешната евалуацијата;

*Индикатор за успех*: Креиран акциски план за спроведување на заклучоците и препораките од надворешната евалуација.

*Одговорен наставник за активностите: проф. д-р Дијана Ивановска Пржо*

**СТАНДАРД 2**

**Цел 2.1 Развој и акредитација на најмалку две нови студиски програми во согласност со постоечките програмите од прв циклус на БАС.**

*Активност 1*: Континуирана анализа на потребите во општеството и пратење на новите трендови;

*Индикатор за успех*: Кластерирани бази со информации од спроведени истражувања, анализа на пазар на труд и сл.
*Активност*: 2 Подготовка на Елаборати за акредитација.
*Индикатор за успех*: Креирани елаборати за реакредитација на постоечките студиски програми и барем две нови студиски програми.

**Цел 2.2 Годишно ажурирање на наставните планови и програми со активна вклученост на студентите.**
*Активност 1*: Утврдување на исходи на образовниот процес за сите студиски програми согласно потребите на општеството;
*Индикатор за успех*: Годишни извшетаи со бројка на членови во алумни организацијата со податоци за број на вработувања и број на напредувања во работните позиции.
*Активност 2*: Статистичка анализа на бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.
*Индикатор за успех*: Годишна анализа на студентите кои го напуштиле студирањето или го ставиле во мирување, со наведени причини за тоа.
*Одговорен наставник за активностите: проф. д-р Тони Соклевски*

**СТАНДАРД 3**
**Цел 3.1 Подобрување на наставниот процес**
*Активност 1:* Подготовка за Правилник за хибриден модел на настава (привила за изведување на настава);
*Индикатор за успех*: Изработен Правилник за хибриден модел на настава со привила за изведување на настава.
*Активност 2:* Подготовка на акт за спречување на корупција во установата;
*Индикатор за успех*: Ревидиран Етичкиот кодекс на БАС, со вклучување на елементи за спречување на корупцијата во установата.
*Активност 3:* Подобрување на иновациите во наставата.
*Индикатор за успех*: Одржани ДЕАН работилници, на годишно ниво.
*Одговорен наставник за активностите: проф. д-р Гордана Тасевска*

**СТАНДАРД 4**
**Цел 4.1 Подобрување на функционалнота на мудл платформата;**
*Активност 1*: Анализа на силните и слаби страни на платформата и мерки за подобрување;
*Индикатор за успех*: Годишни активности за подбрување на мудл платформата, врз основа на забелешки од страна на наставниот кадар на БАС;
**Цел 4.2 Подобрување на студентските услуги преку поефикасна работа на студентската служба на БАС.**
*Активност 2*: Анализа на силните и слаби страни на студентските услуги и мерки за подобрување;

*Индикатор за успех*: Креиран, спроведен и анализиран анкетен прашалник за задоволството од студентските услуги.

**Цел 4.3 Зголемување на вклученоста на студентите во реализација на практичната настава во ПО.**

*Активност 1*: Анализа на силните и слаби страни на Практичната настава и мерки за подобрување;

*Индикатор за успех*: Креиран, спроведен и анализиран анкетен прашалник за задоволството од Практичната настава на студентите.

*Одоворен наставник: виш пред. м-р Билјана Галовска*

**СТАНДАРД 5**

**Цел. 5.1 Подобрување на нучно – истражувачката работа на БАС;**

*Активност 1*: заеднички истражувања со партнерските организации на БАС најмалку еднаш годишно;

*Индикатор за успех*: Барем пет научни трудови во соработка со партнетските организации (спроведено истражување, коавторство и сл.)

*Активност 2:* Поврзување на научно – истражувачката работа со наставните програми, локалните и регионални цели;

*Индикатор за успех*: Примери за поврзаност на практичната настава со наставниот материјал (запишано во чек листите за посета на наставен час);

**Цел 5.2 Подигнување на професионалните компетенции на вработените;**

*Активност 1*: Финансиска и институционална поддршка за учество на наставниците на БАС на научни и стручни конференции.

*Индикатор за успех:* Одлука од генералниот менаџер на БАС за видови финансиска и институционална поддршка на наставниот кадар на БАС за учество на конференции.

**Цел 5.3 Подобрување на информатичката, лабараториска и др. вид опрема во БАС**

*Активност 1*: Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);

*Индикатор за успех*: Извршен попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);

*Активност 2*: Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;.

*Индикатор за успех: Поставени електронски бази на податоци на студентскиот портал на БАС.*

**Цел 5.4 Подобрување на  видливоста на БАС**

*Активност 1*: Редовно ажурирање на податоците на веб страната на БАС;

*Индикатор за успех*: Креирана Маркетинг стратегија на БАС, редовна анализа на податоците од страна на ИТ менаџерот.

*Одговорен наставник: виш пред. м-р Иван Ѓоргиевски*

**СТАНДАРД 6**

**Цел 6.1 Подобрување на активностите на алумни организацијата;**

*Активност 1*: Ажурирање на базата на алумни организацијата;

*Индикатор за успех*: Ажурирана база на алумни организацијата, со информации за вработеност и напредување на работните позиции.

*Активност 2*: Акциски план за активирање на членовите на алумни организацијата во активностите на БАС;

*Индикатор за успех:* Креиран акциски план за заеднички соработки со членовите на алумни организацијата на БАС.

**Цел 6.2 Поддршка на студенти од ранливи категории**.

*Активност 1*: Одредување правила за поддршка на студенти од ранливи категории;

*Индикатор за успех*: Јасни правила во уписната политика за поддршка на студенти од ранливи категории.

**Цел 6.3 Активно вклучување на студентите во волонтерски и општествено - корисни активности.**

*Активност 1*: Вклучување на студентите во активностите во Програмата за работа на кариерниот центар на БАС;

*Индикатор за успех:* Креирана Програма за работа на Кариерниот центар на БАС со активности за активно вклучување на студентите.

*Одговорен наставник: проф. д-р Лидија Стефановска*

**СТАНДАРД 7**

**Цел 7.1 Зголемување на бројот на Еразмус мобилности за студенти и кадар за најмалку 20% во однос на периодот 2020–2024.**

*Активност 1*: Промоција на Еразмус мобилностите кај студентите од страна на студенти кои реализирале мобилност.

*Индикатор за успех*: Зголемен број на Еразмус мобилности за еден студент и еден наставник во годината;

*Одговорен наставник: проф. д-р Маја Кузмановска*

**СТАНДАРД 8**

**Цел 8.1 Наоѓање на нови извори на финансирање во БАС**

*Активност 1*: Обезбедување дополнителни приходи преку издавање на дел од просториите за едукативни и општествено корисни настани (објектите на БАС).

*Индикатор за успех*: Зголемен број на финансиски приходи по основ на издавање на дел од просториите на БАС;

*Активност 2:* Подготовка на проектни апликации на различни повици;

*Индикатор за успех*: Подготвени барем две апликации на годишно ниво за различни повици за грантови.

**Цел 8.2 Подобрување на енергетската ефикасност на просториите на БАС со практични решенија за греење, ладење и осветлување**

*Активност 1*: Употреба на лед светилки во работните простории на БАС.

*Индикатор за успех*: Поставени лед светилки на приземниот и првиот кат од зградата во Битола и сите простории во Скопје.

*Одговорен наставник: проф. д-р Тони Соклевски*

**СТАНДАРД 9**

**Цел 9.2 Подобрување на меѓународната соработка на БАС;**

*Активност 1*: Склучување на минимум два Договори годишно за меѓународна соработка со факултети/универзитети во странство.

*Индикатор за успех*: Склучени два Договори на годишно ниво за меѓународна соработка.

**Цел 9.3 Зголемување на бројот на визитинг наставници**

*Активност 1*: Ангажирање на барем два визитинг наставника на годишно ниво.

*Индикатор за успех*: Одржана визитинг настава два наставника на годишно ниво.

*Одговорен наставник: проф. д-р Иван Ѓоргиевски и пред. м-р Давид Салтамарски*

## Заклучок

Бизнис академија Смилевски се обврзува да гради култура на квалитет преку вклученост, отчетност и континуирано учење и подобрување во сите девет стандарди. Стратегијата ќе биде ревидирана во согласност со промените во законската рамка, образовните трендови и барањата на пазарот, со цел да се обезбеди нејзина ефективност и релевантност.

Оваа стратегија претствува солидна основа врз која БАС ќе ја остварува својата визија, доверба кај студентите и општествената заедница. Со јасно дефинираните цели и активности, оваа стратегија овозможува систематски пристап кон континуирано подобрување на образовниот процес, научно-истражувачката работа, и административната поддршка на студентите.

Оваа стратегија исто така ќе понуди поголема отчетност и ефикасност во работењето, ќе поттикне култура за одржување на квалитетот во сите сегменти од работењето на БАС. Стратегијата ќе овозможи и усогласување со сите национални и европски стандарди за високо образование.

Одрливоста на квалитетот секако дека ќе зависи од вклученоста на сите наставници, административен кадар, студентите и сите засегнати страни. Имплементацијата на оваа стратегија се темели на постојана комуникација и поддршка кон постигнување на зацртаните цели.

***Членови на Советот за квалитет***

Проф. д-р Лидија Стефановска – претседател

Проф. д-р Тони Соклевски;

Проф. д-р Дијана Ивановска Пржо;

Виш пред. м-р Иван Ѓоргиевски;

МБА Андријана Апостолова

Студент Левент Хајдар

***Фасилитатори:***

Проф. д-р Тони Соклевски

Проф. д-р Лидија Стефановска

административна поддршка: Андријана Апостолова МБА

Во изработката на Стратегијата како претставник на основачите учествуваше виш. пред. д-р Горазд Смилевски

Орган на основачи:

Цветко Смилевски

Цена Смилевска

Горазд Смилевски